# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за правда |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог на закон за спречување на корупција и судир на интереси |
| Одговорно лице и контакт информации: | Мимоза Киковска - Стојменова, државен советник<br>Е-пошта: mpsorabotka@mjustice.gov.mk |
| Вид на Извештај | ☐Нацрт<br>☒Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☐Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија<br>☒НПАА<br>☒Заклучок на Владата на Република Македонија<br>☒Друго План18 |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | / |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐Да<br>☒Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | 03.09.2018 година |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | 31.10.2018 година |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | Октомври 2018 година |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### *1.1 Опис на состојбите*

Со Законот за спречување на корупцијата („Службен весник на Република Македонија", број 28/2002, 46/2004, 126/2006, 10/2008, 161/2008, 145/10, 97/15 и 148/15) уредени се мерките и активностите за спречување на корупцијата во вршењето на власта, јавните овластувања, службената должност и политиката, мерките и активностите за спречување на корупцијата при вршењето работи од јавен интерес на правните лица сврзани со остварувањето на јавните овластувања, како и мерките и активностите за спречување на корупцијата во трговските друштва.

Со Законот за спречување судир на интереси („Службен весник на Република Македонија", број 70/2007, 114/2009, 6/12 и 153/15) се дефинира судирот на интереси, постапувањето во случај на судир на интереси, мерките за спречување на судирот на интереси во вршењето на јавните овластувања и должности од страна на службените лица.

За примена на мерките и активностите од Законот за спречување на корупцијата и Законот заспречување судир на интереси, формирана и надлежна е Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), како колегијално тело со седум члена во својот состав, самостојно и независно во вршењето на работите определени со закон и со својство на правно лице.

Членовите на ДКСК ги именува Собранието на Република Македонија со мандат од четири години со право на уште едно именување.

Од редот на членовите во својот состав, ДКСК избира претседател со мандат од една година со право на уште едно именување.

Согласно постојните законски одредби, за член на ДКСК може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Македонија и да има постојано место на живеење во Република Македонија и
- да има високо образование од областа на правните и финансиски работи и антикорупцијата, да ужива углед во вршењето на функцијата и најмалку осум години работно искуство.

Собранието на Република Македонија го објавува огласот за именување на членови на ДКСК.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија подготвува предлог на листа од пријавените кандидати и ја доставува до Собранието на Република Македонија.

Членовите на ДКСК имаат статус на именувани лица, а својата функцијата ја вршат професионално.

Законот за спречување на корупцијата ги уредува и условите и постапката за разрешување на претседателот и членовите на ДКСК. Така, Собранието на Република Македонија го разрешува членот на ДКСК пред истекот на мандатот по предлог на Комисијата за прашањата на изборите и именувањата, ако:

- сам го побара тоа;
- е осуден за кривично дело за кое му е изречена ефективна казна затвор во траење повеќе од шест месеца; и
- трајно ја загуби способноста за вршење на функцијата.

Исполнувањето на условите за разрешување ги утврдува ДКСК со мнозинство гласови од вкупниот број членови и поднесува иницијатива за разрешување на член на ДКСК до Собранието на Република Македонија.

Кога член на ДКСК е разрешен согласно со одредбите од Законот, Собранието на Република Македонија објавува оглас за именување за член на Државната комисија со мандат во траење до истекот на мандатот на разрешениот член.

Претседателот на ДКСК пред истекот на неговиот мандат за претседател може да биде разрешен по негово барање, во кој случај, ДКСК избира претседател за остатокот на мандатот на разрешениот претседател.

Европската комисија забележува на тоа дека за ДКСК имплементирањето политика од значење за превенција на корупцијата сеуште претставува предизвик и дека е потребно зајакнување на ефикасноста и независноста во нејзиното работење. Понатаму, Европската комисија укажува на потребата за реформа во анти-корупциската институционалната рамка за што е потребно подобрување на законската регулатива.[1]

На 1-ви март 2018 година, по објавувањето на наводите за ненаменско трошење на буџетски средства во ДКСК, забелешки и препораки од внатрешен ревизорски извештај, Јавното обвинителство на Република Македонија објави известување дека Основното јавно обвинителство Скопје оформи предмет по допрен глас за трошењето на буџетски средства од страна на членовите на ДКСК.

По поднесените оставки од страна на пет членови на ДКСК, на 19-ти март 2018 година Собранието на Република Македонија донесе одлука со која од функцијата се разрешени пет членови на ДКСК.

По донесувањето на горенаведената одлука, а предвид тоа што, согласно член 51 од Законот за спречување на корупцијата, работите од својата надлежност ги врши на седница на која присуствуваат повеќе од половината членови, ДКСК е нефункционална.

На 29.03.2018 година на веб-страницата на ДКСК е објавено известување со кое јавноста се известува дека дека со оглед на донесената одлука за разрешување на членови на ДКСК, во претстојниот период нема можност да одлучува и решава по однос доставените барања и пријави од странките.

Довербата на јавноста во ДКСК бележи континуиран пад. Според резултатите од теренска анкета спроведена за извештајот „Следење на работата на Државната комисија за спречување на корупцијата, октомври – декември 2017 година“[2] :

- 63,7% од вкупниот број испитаници сметаат дека ДКСК ги штити интересите на поединци (приватен интерес на политичари, избрани и именувани лица), наспроти 12,7% кои веруваат дека ги штити интересите на граѓаните.
- 72% од вкупниот број испитаници сметаат дека во медиумите нема доволно информации за ДКСК.
- за 77,6% од вкупниот број испитаници информациите коишто се достапни во медиумите не им овозможуваат да се информирани за работата на ДКСК.

Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата[3], со одредбите од Глава II „Превентивни мерки“, меѓу другото, ги обврзува односно упатува државите страни, во согласност со основните принципи на нивниот правен систем,

- да подготвуваат и применуваат или следат политики за ефикасна превенција на корупцијата (член 5);
- да осигурат постоење на тело или тела кои ќе превенираат корупција со имплементација, надзор и координација на политики за ефикасна превенција на корупцијата и со зголемување и дисеминација на знаење за превенција на коруцпијата (член 6 став 1);
- на органите овластени за превенција на корупцијата да им доверат потребна независност, материјални извори и потребни специјализирани лица, за да им се овозможи ефикасно водење на нивните функции заштитени од било какви прекумерни влијанија (член 6 став 2);

Експертските извештаи во врска со постојните законски одредби кои се однесуваат на моделот, критериумите и постапката за избор и разрешување на членовите во состав, надлежностите, ефикасноста во работењето, транспаретноста, отчетноста и линиите на одговорност на ДКСК, како и механизмите за проверка и испитување на имотната состојба и интересите, укажуваат на потребата за донесување нов закон, а со цел зајакнување на независноста и ефикасноста во работењето на ДКСК и надминување на недостатоците на постојните Закон за спречување на корупцијата и Закон за спречување судир на интереси.

Како што Европската комисија забележува во Извештајот за напредокот на Република Македонија, 2015 година, ДКСК, иако формално е независна, редовно е критикувана за недостатокот од политичка волја (кај членовите во нејзиниот состав) за борба против корупцијата на проактивен, независен и неселективен начин. Понатаму, во Извештајот за напредокот на Република Македонија, 2016 година, забележано е дека на ДКСК ѝ недостига функционална независност („процесот на селекција и именување на нејзините членови не е транспарентен и изгледа како да фаворизира политичка лојалност, а не професионализам и интегритет“) и се укажува на потребата за ревизија на статусот и составот на ДКСК, во правец на поголема транспаретност, базираност на заслуги и независност од политичките партии. Постојните санкции утврдени со Законот за спречување на корупцијата и Изборниот законик треба да се применуваат на посистематски и видлив начин. За да се зајакне ефективноста, неопходно е јасно да се утврдат соодветните контролни и истражни овластувања и одговорности на Државниот завод за ревизија, ДКСК, Државната изборна комисија и агенциите за спроведување на законот. За оние кои не поднеле изјави за судир на интереси или анкетни листови, постапките за верификација и системот на санкции се сеуште разделени и неефикасни.[4]

Во рамки на Четвртиот круг на евалуација, ГРЕКО препорача:

- за сите прекршоци на должности кои се утврдени во законите да бидат пропишани санкции.
- појаснување во врска со поимот „подвижен имот од поголема вредност" во контекст на пријавување на имотна состојба.
- да се преземат соодветни правни, институционални и оперативни мерки за да се осигура подлабока контрола на изјави за интереси и пријавување на имотна состојба поднесени од

---

[2] http://www.mcms.mk/images/docs/2018/sledenje-na-dksk-kvartalen-izveshtaj-br-5.pdf

[3] Ратификувана со Закон за ратификација на Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата („Службен весник на Република Македонија“ број 37/2007).

[4] [illegible]

страна на пратениците, судиите и јавните обвинители, а особено за рационализирање на процесот на верификација под покровителство на ДКСК.

- финансиските и кадровските ресурси на Државната комисија за спречување на корупцијата во областа на превенција на корупција, лобирање и анкетни листови да се зголемат како приоритетно прашање.

*1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување*

Недостатоци во постојните законски одредби кои се однесуваат на моделот, критериумите и постапката за избор и разрешување на членовите во состав на ДКСК, надлежностите, ефикасноста во работењето, транспарентноста, отчетноста и линиите на одговорност на ДКСК.

## 2. Цели на предлог регулативата

Основна цел на предложениот закон е зајакнување на ефикасноста и независноста на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Специфични цели се:

(1) Транспарентна постапка за избор и именување на претседател и членови на ДКСК;
(2) Зајакнување на условите за избор и именување на претседателот и членовите на ДКСК;
(3) Поголема транспарентност и отчетност на Државната комисија;
(4) Проширување на надлежностите на ДКСК за да врши контрола на финансирањето на политичките партии и изборните кампањи;
(5) Зајакнување на финансиските, материјалните и кадровските ресурси на ДКСК;
(6) Зајакнување на Рационализација и поголема ефективност на проверката на имотната состојба и интересите на службените лица;
(7) Усогласување со добиени препораки по однос на механизмите за проверката на имотната состојба и интересите на службените лица и општо системот за превенција на корупцијата;

## 3. Можни решенија (опции)

*3.1 Опис на решението „не прави ништо"*

Доколку не се преземат мерки за надминување на состојбите опишани под точката 1 од овој Извештај, опишаните причини за проблемите и проблемите што ги предизвикуваат негативните влијанија опишани во под точка 4 од овој Извештај ќе продолжат со ризици за неспроведување на Законот за спречување на корупцијата и Законот за спречување судир на интереси.

*3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот*

*Регулаторна мерка:* Донесување на нов Закон спречување на корупција и судир на интереси

Опис на можното решение

Имајќи ги предвид заклучоците од спроведените анализи и добиените препораки, а особено укажувањата и препораките од извештаите на Европската комисија за напредокот на Република Македонија, препораките од Четвртиот круг на ГРЕКО евалуација и мисиските извештаи на експертите во рамки на ИПА2010 Твининг проектот „Поддршка за ефикасна превенција и борба против корупцијата", се предлага следното:

- ✓ Новиот Закон за спречување на корупција и судир на интереси да ги уредува мерките и активностите за спречување на корупцијата, но и мерките и активностите за спречување на судирот на интереси, за кои е надлежна ДКСК. Со влегувањето во сила на новиот Закон, да престане важењето на Постојните Закон за спречување на корупцијата и Законот за спречување судир на интереси (член 1 и член 121 од Предлог законот).
- ✓ Да се изменат условите за избор и именување на претседателот и членовите на ДКСК во правец на нивно зајакнување, јасни услови за престанок на мандатот и разрешување на претседателот и членовите на ДКСК и да се воведе транспарентна постапка за избор на кандидати за претседател и членови на ДКСК, во која се вклучуваат како учесници во интервјуто претставници на Народниот правобранител на Република Македонија, Македонската академија на науките и уметностите, Интеруниверзитетската конференција, здруженија на новинари, други здруженија и фондации. За еден од условите за избор на претседател односно член на ДКСК да се утврди лицето во последните десет години да не било пратеник во Собрание на Република Македонија, член на Владата на Република Македонија, да не било донатор на политичка партија или да не вршело функција во органи на политичка партија (членови 11-14 од Предлог законот).
- ✓ Да се зајакнат надлежностите на ДКСК, особено со воведување на надлежност за следење на законитоста на финансирањето на политичките партии и изборните кампањи (член 17 и членови 31 и 32 од Предлог законот).

- ✓ ДКСК да може да обезбедува средства и од други извори како што се донации, грантови и друго (член 21 од Предлог законот).
- ✓ ДКСК да има бесплатен електронски пристап до бази на податоци од 17 институции (предлог член 25) и да се прецизираат должностите и роковите за одговор по барањата од ДКСК за потребни информации и податоци со кои располагаат физички и правни лица (органи и институции, други правни лица, вклучително банки и финансиски институции) за нејзиното надлежно постапување.
- ✓ Да се прецизира поимот „член на семејство" со одредба со која се дефинира поимот „семејство" во смисла на Законот (член 8 став (3) од Предлог законот), а поимот „подвижен имот од поголема вредност", односно подвижен имот за кој се бара пријавување да се дефинира со одредбата која ја утврдува содржината на изјавата за имотна состојба и интереси (член 82 став (2) алинеја 1) - подвижни предмети со вредност што надминува износ од дваесет просечни нето плати во претходниот тримесечен период.
- ✓ Процесот за проверка на имотната состојба и интересите да се рационализира со: прецизирање и намалување на опфатот на категории на лица кои имаат обврска да достават изјави до ДКСК (фокусот е ставен на категориите на лица на работни места со ризик за корупција), доставување на изјавите до една институција (ДКСК или до институциите односно органите каде се вработени, во зависност од категоријата) и воведување на електронското поднесување на изјавите до ДКСК (членови 82-85 и 92-96 од Предлог законот).
- ✓ Подигнување на националниот програмски документ за превенција и репресија на корупцијата и превенција и намалување на појавата на судир на интереси (државните програми) на ниво на национална стратегија која ќе ја усвојува Собранието на Република Македонија, а чиешто подготвување да се врши задолжително во широк консултативен процес (член 18 од Предлог законот).
- ✓ Утврдување прекршочни одредби за утврдени должности чие прекршување може да е без елементи на кривично дело (Глава деветта на Предлог законот).

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

*Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:*

### *4.1 Економски влијанија*

| Опција: | Позитивно влијание | Негативно влијание |
|---|---|---|
| Не прави ништо | Нема | Недовербата во и нефункционалноста на ДКСК, во рамки на антикорупциската институционална рамка, директно или индиректно може да произведе негативно економско влијание кое се бележи и рангира од страна на меѓународните фактори коишто влијаат во создавање на перцепциите за Република Македонија од аспект на почитувањето на меѓународните стандарди, атрактивност за вложување во економијата и прогрес во евро-атланските интеграции. |
| Регулаторна мерка | Зајакнувањето на антикорупциската институционална рамка заради заштитата на јавниот интерес, интегритетот, имотот и репутацијата во јавниот и приватниот сектор, предизвикува позитивно директно и индиректно економско влијание кое се бележи и рангира од страна на меѓународните фактори коишто влијаат во создавање на перцепциите за Република Македонија од аспект на почитувањето на меѓународните стандарди, атрактивност за вложување во економијата и прогрес во евро-атланските интеграции, како напредок во областа. | Нема |

### *4.2 Фискални влијанија*

| Опција: | Позитивно влијание | Негативно влијание |
|---|---|---|
| Не прави ништо | Нема | Фискални импликации без ефекти во спроведување на Законот за спречување на корупцијата и Законот за спречување судир на интереси, во делот на функционирањето на ДКСК. |
| Регулаторна мерка | Фискалните импликации се повеќекратно помали во споредба со позитивните влијанија кои ги предизвикува мерката. | Предизвикува фискални импликации |

### *4.3 Социјални влијанија*

| Опција: | Позитивно влијание | Негативно влијание |
| --- | --- | --- |
| Не прави ништо | Нема | Недовербата во и нефукнционалноста на ДКСК, во рамки на антикорупциската институционална рамка, директно или индиректно предизвикува негативно социјално влијание. Непостоењето на правна заштита и сигурност дека позитивно ќе бидат прифатени пријавите за случаи на корупција и друго незаконито и недозволиво постапување, има негативно социјално влијание и го отежнува остварувањето на човековите права. |
| Регулаторна мерка | Зајакнувањето на антикорупциската институционална рамка заради заштитата на јавниот интерес, интегритетот, имотот и репутацијата во јавниот и приватниот сектор, предизвикува индиректно позитивно социјално влијание кое се манифестира со унапредување на почитувањето и заштитата на човековите права. | Нема. |

### 4.4 *Влијанија врз животната средина*

| Опција: | Позитивно влијание | Негативно влијание |
| --- | --- | --- |
| Не прави ништо | Нема. | Недовербата во и нефукнционалноста на ДКСК, во рамки на антикорупциската институционална рамка, може да предизвика негативно влијание врз заштитата на животната средина. Непостоењето на правна заштита и сигурност дека позитивно ќе бидат прифатени пријавите за случаи на корупција и друго незаконито и недозволиво постапување може да има негативно влијание во однос на заштитата на животната средина, особено доколку таквото постапување директно или индиректно е на штета на животната средина. |
| Регулаторна мерка | Зајакнувањето на антикорупциската институционална рамка заради заштитата на јавниот интерес, интегритетот, имотот и репутацијата во јавниот и приватниот сектор, предизвикува индиректно позитивно влијание врз животната средина. | Нема. |

### 4.5 *Административни влијанија и трошоци –*

*а) трошоци за спроведување*

Плати и надоместоци - состав на ДКСК и 25 вработени во стручната служба: 18.032.000 денари
Стоки и услуги: 18.613.000 денари
Вкупно: 36.645.000 денари
Плати и надоместоци - состав на ДКСК и 35 вработени во стручната служба: 27.827.000 денари
Стоки и услуги: 20.000.000 денари
Вкупно: 47.827.000 денари

*б)трошоци за почитување на регулативата (годишно)*

Не се предвидуваат дополнителни директни трошоци за почитување на регулативата.

## 5. Консултации

### 5.1 *Засегнати страни и начин на вклучување*

Засегнати страни:

- Собрание на Република Македонија;
- ДКСК и Секретаријатот на ДКСК;
- Управа за јавни приходи;
- Финансиски институции;
- Политички партии;
- Медиуми;
- Граѓански организации.

Начин на вклучување:

а. Членови во состав на работната група се претставници на Министерството за правда, Делегацијата на Република Македонија во ГРЕКО, Секретаријатот на ДКСК, академската заедница,

Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата (граѓански организации) и поранешни членови на ДКСК;
б. Јавни консултации преку ЕНЕР;
в. Јавна дискусија одржана на 24 септември 2018 год., во организација на Министерство за правда и Меѓународниот републикански институт (ИРИ);

*5.2 Преглед на добиените и вградените мислења*

Коментари добиени во текот на одржаната јавна дискусија:

Слаѓана Тасева, експерт, Транспаренси интернешнл,

- Треба да се предвидат ефективни санкции за непочитување на одредбите од овој Законот.

Максим Ацевски, помошник на главниот државен ревизор, Државен завод за ревизија

- Во член 21 се предлага да се избрише став 5, бидејќи нема потреба да стои за што служат средствата, а генерален став е дека целиот член 21 кој се однесува на Буџет на ДКСК ќе биде „мртво слово“ на хартија доколку не се интервенира во други закони, со кои би се овозможила целосна самостојност во одлучувања за трошење на средствата.
- Да се обрне внимание на користење на термините контрола, надзор и ревизија (внатрешна или надворешна) бидејќи тоа се различни термини коишто не треба да се истоветуваат.

Герман Филков, извршен директор, Центар за граѓански комуникации

- Во предлог – законот, фокусот е ставен на Државната комисија, а не на превенцијата.
- Преземените одредби од стариот закон не се осовременети, потребно е да се ревидираат.
- Законите кои ја регулираат оваа материја (антикорупција) во другите земки се пократки со јазик на секојдневието, бидејќи овој закон треба да го разберат граѓаните.
- Одредбите кои се однесуваат на јавните набавки да се дополнат.
- Потребно е предлог – законот да се дополни со одредба која ќе и овозможи на ДКСК да вработи луѓе, а тоа да не зависи од Министерство за финансии.
- Одредбата во член 10, став 1 дека претседателот и членовите може повторно да бидат избрани не е во ред – бидејќи не треба да се дозволи поранешните членови да може да се изберат повторно.
- Во член 11 не треба да се ограничува образованието на членовите на ДКСК на правни, економски или политички науки. Треба да се овозможи за членови да може да биде избран и инжењер, лекар итн.
- Во член 38, став 1 кој се однесува на јавни набавки стои дека „Државната комисија може да врши увид во договори за јавни набавки“. Треба да се има предвид дека договорите се јавни и достапни на интернет. Она што треба да и се овозможи на ДКСК е да има увид во тендерското досие.
- Во член 57 терминот „лицитација“ ништо не значи вака како што е напишан, бидејќи во нашиот правен систем не постојат такви термини. Дополнително, написмено ќе достави конкретниот предлог.
- Во член 82 каде се наведува што се треба да се пријави во анкетниот лист, потребно е да се пријавуваат и редовни примања. ДКСК ќе проверува дали некој надминува редовни примања – од кај ќе се знае колкави се – да се стави графа — примањата треба да се дел од анкетниот лист.
- Во член 83 став 1 се предвидува кои лица доставуваат анкетниот лист до органот во кој е вработен. Досегашната пракса покажала дека со тие анкетни листови не се прави ништо, а како што е напишано сега во законот и ќе продолжи да не се прави ништо. Треба да се размисли да различен притап.
- Во член 92, став 1 каде се наведува дека Државната комисија поведува постапка доколку лицето дало невистинити или непотполни податоци, се поставува прашање како ДКСК ќе знае за невистинити податоци.
- Постапката пред Управата за јавни приходи не треба да биде регулирана во овој закон (член 97).
- Во член 97 се наведува „Доколку се утврди дека имотот е зголемен во големи размери“, потребно е да се дефинира поимот „големи размери“, ако се знае колку е тоа да се коригира.

Борјан Ѓузелов, докторанд на Универзитет Квин Мери, Велика Британија

- Важно е да се осигура прокативна улога на ДКСК за покренување постапки – улогата на јавноста е клучна, особено доколку ДКСК се соочи со затворена врата од други институции. Идниот состав на Државната комисија треба да ја има јавноста на своја страна во битката со други институции – пред сè со обвинителството.
- Критериуми за избор наведени во член 11 во двете алтернативи во однос на работно искуство од 15, односно 12, или 10, односно 8 се премногу високи, бидејќи 15 години работно искуство е

некои од главните луѓе со успех во борбата против корупцијата (на пр. Лаура Ковеши од Романија) почнале антикорупциска кариера на 35 години.

- Во однос на систематизација на работни места на ДКСК, таа треба да има ресурси за ново организирање на својата работа и на регрутирање на потребните кадри. Особено е важно да има ИТ луѓе со познавања за користење на бази на податоци итн. Потребно е да се најде начин како човечки ресурси кои се „скапи“ како ИТ позиции да се привлечат и да се платат согласно пазарот на трудот.
- Потребно е Законот да обезбеди промени во анкетни листови да бидат видливи и јавни, на веб страната на ДКСК да има историски приказ на промените, за да може да се види дали промената во животниот стандард соодветствуваат на неговите примања.

Петар Богоевски, независен пратеник, Собрание на Република Македонија

- По однос на буџетот на ДКСК потребен е одделен буџет, дилемата е единствено дали да биде дефинирано со посебна расправа или со фиксен процент од вкупниот буџет на државата.
- Предлогот проширување на области на образованието надвор од економски, правни и политички науки, да се дискутира, бидејќи се поставува прашање дали лицата од други струки има потреба да бидат „комесари“ или може да бидат вклучени преку давање насоки, кои би ги следеле комесарите.
- Законот треба да обезбеди построго гледање на корупцијата, кое подразбира проактивен пристап во сузбивањето на корупцијата – задолжителни обврски за отчетност и транспарентност на избраните и именуваните функционери – по примерот на Соедниети Американски Држави – да се воведе задолжителна транспарентност – со која секој разговор со избрани и именувани лица да се смета како информација од јавен карактер, а давањето лажен одговор да повлекува одговорност.

Шпреса Хадри, пратеничка на Демократска унија за интеграција (ДУИ), Собрание на Република Македонија

- Во надлежности на ДКСК треба да се осигура силна надзорна улога врз пратениците во Собранието на Република Македонија.
- Буџетот на ДКСК треба да се зголеми.
- Да се образложни намалување на бројот на членови на ДКСК, бидејќи со намалување од седум на пет члена, со принципот на правична застапеност бројот на членови од албанска националност ќе се намали од два на еден.

Никола Тупанчевски, професор, Правен факултент, Универзитет „Кирил и Методиј“

- За дилемата за намалување на членови на ДКСК од седум на пет, не треба да се тргнува од погрешен концепт, правична етничка застапеност како услов, туку да се води сметка за интегритетот.
- Потребно е предлог – законот да се усогласи со одредби од Кривичниот законик, на пример во дефиниции се повикува на член 122 од Кривичен законик – како што е ставено во овој закон употреба на изрази избрано и именувано лице, службено лице и лице што врши работи од јавен интерес, треба да е усогласено со Кривичниот законот, иако и во самиот Кривичен закон има концептуална грешка со утврдување на одговорно лице во правно лице како службено лице, што е проблематично.

Миле Бошков, извршен директор, Бизнис конфердерација на Македонија

- Член 71 треба да се допрецизира и дополни.
- Нарушување на пазарните односи заради корупција да се регулира.
- Недостасува во предлог – законот да се дефинираат постапки за донесување одлуки за државни субвенции.

Ејуп Алими, координатор на пратеничка група на ДУИ, Собрание на Република Македонија

- Се сомнева дека со пет членови на ДКСК може да се бори со корупцијата.
- Членовите на ДКСК треба да се луѓе со висок интегритет, и затоа треба да се оневозможи повторен избор на поранешните членови, бидејќи ќе ја наруши довербата кај граѓаните.
- Критериумите за образование треба да имаат широка опфатеност на областите – образование, култура, здравство, обвинителство, локална самоуправа каде што се изготвуваат урбанистичките планова, за да се опфати широк сегмент на општеството.
- Потребно е и да се овозможи соодветно и правно функционирање на институциите што претставуваат столб на државата - обвинителството и судството. Државната комисија треба да биде помошно тело, а не странка на Јавно обвинителство.

Александра Деаноска, професор, Правен факултет, Универзитет „Кирил и Методиј“

- Член 8 може да се прошири со значењето на изразите „помала вредност“, „поголема вредност“, „значителни размери“ [illegible]

законик, меѓутоа нашите институции сакаат појасни законски одредби која што им ја олеснува примената.

- Член 10 и 11 алтернативи за именување на членови: алтернатива два (2) може да се покаже како опасна во праксата, бидејќи во комисијата за селекција може да имаме лица кои не се доволно стручни во определена област да одлучуваат и оценуваат кандидати за членови на ДКСК.
- Во однос на работно искуство како критериумот за членовите, алтернатива еден (1) е поприфатлива. Да се корегира број на години на работно искуство, но да не се занемари. Во поглед на образование, тоа може да се прошири, но правните и економските науки мора да останат.
- Во член 17 точка 16 се наведува „подготвува анализи за ранливост за корупција во различни сектори", но во член 8 нема дефиниција што е „ранливост", а има дефиниција на „ризик од корупција" – терминолошки да се усогласи и да се дополни со надлежностите на ДКСК во однос на анализите.

Коментари од ЕВН Македонија АД Скопје со барање да се допрецизираат дел од одредбите кои се утврдуваат обврски за одговорно лице во правното лице кое располага со државен капитал, а од аспект на субјектите кои ги опфаќаат (одговорните лица во правно лице во кое државата е малцински акционер да немаат исти обврски како избрани и именувани функционери во државните и јавните институции).

Мислење од Царинската управа, со забелешка по однос на опфатот на лица кои имаат обврска да пријават имотна состојба и интереси до органите односно институциите во кои работат (да се вклучат и службените лица со посебни должности и овластувања во Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, како и во органите на државна управа во состав на Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии и во Агенцијата за разузнавање.

Мислење од Министерството за финансии, со укажување за потребно преформулирање на предложениот член 21, предвид тоа што постапката за предлагање и одобрување на буџетот на ДКСК, како и за сите останати буџетски корисници, е системски уредена со Законот за буџетите, но и да не се дозволи дерогирање на системот за утврдување на платите кај буџетските корисници; и со укажување за измени на предложениот член 44 став (4), со цел да не се предизвикаат потешкотии во обезбедување на членови на органите на управување во јавните претпријатија, јавните установи и другите правни лица кои располагаат со државен капитал.

### *5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто*

Мислењата искажани за време на јавната расправа кои се однесуваат на буџетот на ДКСК, вработувањата во ДКСК, не се прифатени, поради уреденост на материјата со други закони (усогласување со мислењето дадено од Министерството за финансии).

Мислењата искажани за време на јавната расправа кои се однесуваат на оневозможување на правото на повторен избор на претседател и членови на ДКСК е делумно прифатено, со тоа што се утврдува право на еден повторен избор. Се предлага лицето кое во еден мандат ја вршело функцијата претседател на Државната комисија, а во еден мандат ја вршело функцијата член на Државната комисија, да не може да биде избрано повеќе ниту за претседател, ниту за член на Државната комисија. Исто така, се предлага лицето кое во два мандати било избрано за претседател на Државната комисија, да не може да биде избрано повеќе за член на Државната комисија, а лицето кое во два мандата било избрано за член на Државната комисија, да не може повеќе да биде избрано за претседател на Државната комисија.

Мислењето искажано за време на јавната расправа кое се однесува на терминот „лицитација" не е прифатено, поради поширокото значење на терминот.

Мислењето искажано за време на јавната расправа со кое се бара посебно утврдување постапки за донесување одлуки за државни субвенции со предложениот закон, не е прифатено со оглед на тоа што тие постапки треба да се спроведуваат и одлуките да се донесуваат со почитување на одредбите од законот кој се предлага.

## 6. Заклучоци и препорачано решение

### *6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)*

| Опција: | Позитивно влијание | Негативно влијание |
|---|---|---|
| Не прави ништо | Нема | Статус кво. Нефункционалност на ДКСК. Недоверба во ДКСК. Директно односно идиректно негативно економско, социјално и друго влијание кое ќе се бележи и рангира од страна на меѓународните фактори што влијаат во создавање на перцепциите за Република Македонија од аспект на почитувањето на меѓународните стандарди, атрактивност за |

| | | |
|---|---|---|
| | | вложување во економијата и прогрес во евро-атланските интеграции, како статус кво во областа на интегритетот. |
| Регулаторна мерка | Позитивно економско влијание и намалување на фискалните импликации за спроведување на Законот за спречување на корупцијата.<br>Посредно позитивно социјално влијание и влијание врз животната средина | Нема |

### *6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)*

| Опција | Ризик |
|---|---|
| Не прави ништо | Статус кво. Продлабочување на ефектите од проблемите опишани под точка 1 од овој Извештај за ПВР. |
| Регулаторна мерка | Нема. |

### *6.3 Препорачано решение со образложение*

Предвид постојните состојби и постоечката правна рамка се препорачува решението:
*Регулаторна мерка:* Донесување на нов Закон за спречување корупција и судир на интереси.

Образложение: Се препорачува регулаторната мерка: Донесување на нов Закон за спречување корупција и судир на интереси, со оглед на тоа што препорачаното решение предизвикува позитивно економско влијание, посредно позитивно социјално влијание и влијание врз животната средина и не предизвикува негативно влијание.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

### *7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области*

Усогласување на Законот за банките.

### *7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување*

- Подзаконски акт со кој ДКСК ќе ја пропише формата и содржината на образецот на изјавата за имотна состојба и интереси и на образецот за пријавување промена во имотната состојба и интереси (рок: 60 дена од конституирањето на новиот состав на Државната комисија)
- Подзаконски акт со кој Собранието на Република Македонија ќе го утврди начинот на вршење на интервјуто на кандидатите за претседател и членови на ДКСК кои ги исполнуваат условите (Рок: Од влегувањето во сила на законот до почетокот на спроведувањето на постапката за избор и именување на претседател и членови на ДКСК согласно Законот).

### *7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување*

Собрание на Република Македонија и Државна комисија за спречување на корупцијата

### *7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон*

Регулаторни мерки (усогласување на регулативата и донесување подзаконски акти) и нерегулаторни мерки.

## 8. Следење и евалуација

### *8.1 Начин на следење на спроведувањето*

Согласно Методологијата за оценка на спроведувањето на регулативата, со објаснувачка анализа со квантитативни и квалитативни податоци изготвена од Министерството за правда.

Методи:

а) Собирање податоци преку кои ќе се верификува процесот на спроведување и ќе се утврдат активностите кои се преземени за спроведување на регулативата и изворите на верификација дека активностите се случиле;

б) Собирање на податоци за резултатите од спроведувањето на регулативата што овозможува да се оцени дали целта на донесувањето на регулативата е постигната;

### *8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови*

Годишни извештаи за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Извештај за оценка на спроведување проценка на спроведувањето на регулативата. Рок: 3 години од почетокот на примената на Законот којшто се предлага со оваа Проценка на влијанието на регулативата.

Параметри и индикатори:

Параметар 1: Оценка за утврдените нови критериуми за именување на претседателот и членовите во состав на ДКСК

Индикатор 1.1: Позитивна меѓународна (дадена од Европската комисија, ГРЕКО или експерти во рамки на меѓународна евалуација).

Параметар 2: Оценка за транспарентноста на постапката за именување на претседателот и членовите во состав на ДКСК

Индикатор 2.1: Позитивна меѓународна (дадена од Европската комисија, ГРЕКО или експерти во рамки на меѓународна евалуација);

Индикатор 2.2: Позитивна според перцепциите на медиумите и граѓанските организации, испитано со независно истражување.

Параметар 3: Доверба на граѓаните во ДКСК (перцепции)

Индикатор 3.1: за 20% или повеќе зголемена доверба, испитано со независно истражување.

Параметар 4: Ефикасност на ДКСК

Индикатор 4.1: за 20% или повеќе зголемен број на оформени предмети за иницијативи за кривично гонење или утврдување друг вид на одговорност на избрани и именувани лица;

Индикатор 4.2: за 20% или повеќе зголемен број на решени предмети за иницијативи за кривично гонење или утврдување друг вид на одговорност на избрани и именувани лица;

Индикатор 4.3: Преземени мерки во врска со сомневање за незаконито финансирање на политичка партија.

Параметар 5: Отчетност и транспарентност на ДКСК:

Индикатор 5.1: Доставени и објавени извештаи за работата на ДКСК согласно законските одредби;

Индикатор 5.2: Зголемена посетеност на веб-страницата на ДКСК (за најмалку 5% споредено со годината на почеток на примена на регулаторната мерка);

Индикатор 5.3: Настани организирани од ДКСК со цел јакнење на јавната свест и промоција на активностите на ДКСК (најмалку еден годишно).

| Изјава од министерот |
| --- |
| **Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.** |
| **Датум:** 12. 11. 2018 ......................... **потпис на министерот** |

Изработил Елена Димовска, советник

Согласен Мимоза Киковска - Стојменова, државен советник